УНИБанка
Твојата Банка

Врз основа на член 62 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Банката на ден 04.05.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на наградa на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**

1.Заради успешност во спроведување на надзорната функција над управувањето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2022 година, се одобрува награда на членовите на Надзорниот одбор на Банката, во нето износ од 37.500 евра.

2.Распределбата на наградата од точка 1 на оваа Одлука на поединечните членови на Надзорениот одбор ќе ја изврши Одборот на наградување, согласно успешноста во извршувањето на функцијата и учеството во работата на Одборот.

3.Средствата за награда на членовите на Надзорниот одбор ќе се исплатат еднократно, на товар на трошоците на Банката во 2023 година.

4. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

СО бр:0201/4-12/2023
04.05.2023 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

**Образложение**
**кон Предлог-Одлуката за исплата на награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**

Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва и на иницијатива од акционери, се предлага награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.

Членовите на Надзорниот одбор на Банката преку зголемена фрекфенција на одржани седници активно го следеа движењето на сите финансиски показатели и преземаа засилени активности во правец на подобрување на работењето на Банката, одржување на стабилноста, сигурноста и ликвидноста на Банката. Одлуките и насоките донесени од членовите на Надзорниот одбор придонесоа за внимателно управување со капиталот, рационализација на трошоците и креирање одржливи политики засновани на квалитетна услуга на клиентите.

Водејќи се од политиките и стратегиите со кои се одредува натамошниот развој на Банката, Надзорниот одбор влијаеше на системот на корпоративно управување и промовирање на висока култура за управување со ризиците.

Поради наведеното, се предлага награда во нето износ од 37.500 евра за членовите на Надзорниот одбор кои ја вршеле функцијата во текот на 2022 година, а согласно Одлуката за распределба на награда донесена од Одборот за наградување.